**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-717/5
14.10 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

**Скопје, 2022 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), а во врска со член 24, 25, 26 и 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18), член 30 став (1) точка (7), член 38, 39, 40 и 107 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, на ден ________________ година донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ**

**на Правилникот за систематизација на работните места**

**во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам бр.01-790/1 од 20.12.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам бр.01-109/1 од 08.02.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам бр.01-109/6 од 09.09.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам бр.01-109/12 од 12.11.2021 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам бр.01-717/1 од 03.10.2022 година .

**Член 2**

Во делот **„III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ“** работното место со Реден број „34“ со Шифра „УПР 01 01 В01 000“ и Звање „Советник“, Назив на работно место „ Советник за управување со човечки ресурси и административна поддршка “ се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 34 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | (В4) |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за административна и техничка поддршка во делокругот на управување со човечки ресурси |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Организациони науки и управување (менаџмент), Јавна управа и администрација или Правни науки |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Ефикасно спроведување на прописите и постапките за вработување, унапредување и мобилност како и постапките за стручно усовршување и вработување во ДИГУ |
| **Работни задачи и обврски** | • Помага при подготвува годишен план за вработување и ги изработува годишните извештаи за реализација на плановите за вработување до МИОА и Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;<br>• Подготвува барања за внесување, промена односно бришење на податоците во Каталогот на работните места во јавниот сектор;<br>• Помага во изработува барање за известување за обезбедени финансиски средства од МФ и барање за објавување јавен/интерен оглас;<br>• Учествува во подготвување на постапката за оценување |

| | |
|---|---|
| | на ефектот на административните службеници;<br>• Помага во организација на сите постапки за унапредување и мобилност на административните службенци вработени во ДИГУ;<br>• Помага во припремие за изработка на годишен план за обуки на административен службеник;<br>• Ги координира активностите за донесување индивидуален план за стручно усовршување за административен службеник и обуките за административно управување и<br>• Води регистар за завршените обуки, тренинзи, работилници, студиски патувања и слично на административните службеници. |

**Член 2**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања во табеларниот преглед на работните места како составен дел на овој Правилник.

**Член 3**

Овој Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ќе влезе во сила и ќе отпочне да се применува по добивање на согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. ____________

____________________година

в.д. Директор

Фатмир Арифи

| Ниво | Систематизирани работни места | Предвидени работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|---|
| УПР Б01 | Државен советник | 1 | 0 |
| ИНС Б02 | Главен инспектор | 1 | 0 |
| УПР Б02 | Раководител на сектор | 1 | 0 |
| ИНС Б03 | Помошник главен инспектор | 1 | 0 |
| УПР Б03 | Помошник раководител на сектор | 1 | 0 |
| ИНС Б04 | Виш инспектор | 2 | 1 |
| УПР Б04 | Раководител на одделение | 4 | 1 |
| ИНС В01 | Советник инспектор | 4 | 2 |
| УПР В01 | Советник | 2 | 0 |
| УПР В02 | Виш соработник | 1 | 0 |
| ИНС В02 | Самостоен инспектор | 2 | 1 |
| УПР В03 | Соработник | 2 | 1 |
| ИНС В03 | Помошник инспектор | 1 | 0 |
| УПР В04 | Помлад соработник | 11 | 7 |
| ИНС В04 | Помлад инспектор | 7 | 1 |
| УПР Г01 | Самостоен референт | 4 | 3 |
| УПР Г02 | Виш референт | 1 | 1 |
| УПР Г04 | Помлад референт | 4 | 4 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-717/6
14.10 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP